


## ДЕЛ ОД ТВОРЕШТВОТО НА СЛАВЕ КАТИН

Публикацијата ***„Библиски речник",*** чиј автори се м-р Петко Златески и Славе Николовски - Катин е издание на Библиското здружение на Република Македонија и на книгоиздателството „Македонска искра" од Скопје отпечатена во 1997 година на 215 страници на македонски јазик, а отпечатен со благослов на архиепископот г.г. Михаил

Ова значајно дело беше печатено со благослов на поглаварот на Македонската православна црква Охридска архиепископија, неговото блаженство, архиепископот г.г. Михаил, а во редакција на д-р Јоаким Хербут, Скопски бискуп на Католичката црква во Македонија, д-р. Ратомир Гроздановски и м-р Ѓоко Ѓерѓевски, двајцата професори на Православниот теолошки факултет „*Свети Климент Охридски*" во Скопје, при што голем е придонесот на уредникот на
*Библиски речник",*
Елена Стојанова.

Инаку, м-р Петко Златески беше почитуван вонреден професор на Православниот теолошки факултет „*Свети Климент Охридски*" во Скопје, по предметите Македонско црковно пеење – теорија; Црковно пеење; Типик; Апологетика и Историја на религијата. Тој како долгогодишен Генерален секретар беше душата на Библиското здружение на Република Македонија, кое е посветено на превод, подготовка, издавање, и

дистрибуирање на Светото писмо до сите граѓани кои живеат во Република Македонија и оние кои се насекаде во светот и сакаат да го читаат делото на македонски јазик.

Почитуваниот професор м-р Петко Златески беше роден на 10 јуни 1955 година во реловуционерното село Дуње, Прилепско, а во Господа се упокои на 13 мај 2020 година, на празникот Преполовение. Затоа и овие продолженија за „*Библискиот речник*“ се во негова чест, да се смопени неговото име и дело, за Бог да го прости.

Во врска со печатењето на „*Библискиот речник“* треба да се нагласи дека темелите беа поставени во 1988 година кога беше издаден Новиот Завет во нов превод на архиепископот  Гаврил, а целата Библија беше издадена од United Bible Societies (UBS) во 1990 година, која  е позната како „Гаврилова“ Библија. Новото ревидирано издание, познато како Македонска стандардна Библија, беше издадено во 2006 година од Библиското здружение на Република Македонија. Оваа Библија е одобрена и со благослов на Светиот Архиерејски Синод на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, а ја користат бројни македонски христијани во светот.

Коавторот на *„Библискиот речник”*  Славе Николовски - Катин, кој како публицист е познат само како Славе Катин, е аналитичар на Македонците во светот и е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно, на етничка Македонија, на животот на Македонците во светот, на Македонската православна црква – Охридска архиепископија и на Античка Македонија.

Во воведот, пак, на *„Библискиот речник“*  д-р Ѓоко Ѓерѓевски, меѓу другото го напиша следното: *„Библискиот толковен речник од Петко Златески и Славе Николовски - Катин е првенец од ваков вид на македонски јазик, кој излегува само после неколку години од појавувањето на комплетното македонско издание на Светото писмо на Стариот и Новиот завет. Составен е да служи како патоказ за истражување на Библијата, како помагало за секој љубител и читател на Свегото писмо. Подготвен е да биде толкувач и водич низ библиските текстови и да помогне за подобро и полесно да се разбере Божјото слово.“*

Првата промоцијата на Библискиот речник, чии издавачи се Библиското здружение на Република Македонија и Книгоиздателството „*Македон-ска искра*“, е направена на 7 април 1998 година, на празникот „

*Свето Бла-говештение*
“, во црквата
*„Света Петка“*
во Скопје. Говорејќи за ова дело, Неговото блаженство, архиепископот Охридски и Македонски г.г. Михаил, меѓу другото, истакна дека делото на Петко Златески и Славе Николовски - Катин е од огромно значење за читањето и обработката на Светото писмо (Би-бли-јата), особено за учениците од Македонската богословија и за сту-ден-тите од Богословскиот факултет „
*Свети Климент Охридски*
“.

Во опширното излагање, пак, протаѓаконот д-р Ратомир Грозда-новски ќе рече: *„Библис киот речник на Петко Златески и Славе Николовски – Катин е вистин-ско помагало во толкувањето и објаснувањето на Светото писмо, бидејќи Библијата е дадена, не само како книга која треба само да ја читаме, туку, таа е Божјо слово кое треба да биде разбрано и спроведено во живот. „Библискиот речник“ е работен според западната библиска тео-логија и тој е за општохристијанска употреба и библиска помош на сите што ја читаат Библијата. Содржи 215 страници текст со табели во кои се вклучени годините, месеците и деновите на Евреите, мерките и те-жините, потоа парите, календарот, еврејските празници, кратенките за насло-ви-те на книгите од Библијата, како и хронологијата на животот на апостол Павле“.*

Од овие причини *„Библискиот речник“* и започнува со мотото*: „Пре-ку ноќта имаше Павле видение: стоеше пред него еден чо-век, Македо-нец, кој го молеше и му велеше: „Премини во Македонија и помогни ни“.*
(Дап.16.9).

***Продолжува***



**ДУШАН РИСТЕВСКИ – МАКЕДОН**